# ДВАНАЕСЕТ НАЈВИСОКИ РЕПУБЛИЧКИ ПРИЗНАНИЈА

## Добитници на годинашните награди »11 октомври«

Управниот одбор на Фондот за награди „11 Октомври" годинава додели дванаесет највисоки републички признанија за достигнувања од областа на науката и уметноста. Доделени се шест награди за врвни достигнувања на поединци во износ од по 500 илјади стари динари, две награди за институција во износ од по 1,5 милиони стари динари, како и четири награди за животно дело во износ од по еден милион стари динари.

Добитници на наградите на поединци за врвни остварувања од областа на науката и уметноста се: д-р Блаже Ристовски, директор на Институтот за фолклор во Скопје за трудот „Крсте П. Мисирков", д-р Петар Миљковиќ — Пепек, конзерватор во Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата во Скопје за делото трудот „Делото на зографите Михаил и Евтихиј", Мери Бошкова, артистка од Скопје за интерпретација на улогата Антигона во истоимената трагедија на Софокле, што ја изведе на 16 јули во Охрид Македонскиот народен театар, Бластимир Николовски, композитор од Скопје за ораториумот „Клименту", изведен во Охрид, Методија Фотев за романот „Потомците на Кат", Коле Чашуле за книгата „Драми".

Награда за институција добија Драмскиот театар од Скопје, за врвни остварувања во областа на драмската уметност и Народниот музеј во Охрид за организирање на Климентовата прослава. Добитници на награди за животно дело станаа Ханс Ем, редовен професор на Земјоделско-шумарскиот факултет во Скопје, Тома Владимирски, сликар од Скопје, Антон Панов, писател од Струмица и Трајко Прокопиев, композитор и диригент од Скопје.

## РЕДОК ДОСТРЕЛ НА МАКЕДОНСКАТА ПЕЈСАЖНА УМЕТНОСТ

Томо Владимирски, добитник на годинашната награда за животно дело, е академски сликар од Скопје кој покрај тоа особено се бавел и со сценско ликовно обликување.

Ликовниот критичар Паскал Гилевски во својата рецензија за Томо Владимирски посебно се задржува на една од ретките уметнички дострели на овој сликар — изложбата „Покрај Вардар" за која во 1961 година тој веќе доби една награда „11 октомври" — за врвно остварување.

— . . . Оваа изложба беше редок дострел на македонската пејсажна уметност — особено со два нејзини елементи: со инспиративноста и со атмосферата на секој мотив. Во овие слики всушност Владимирски го прави тој логичен чекор од импресионистичкото сфаќање на сликарскиот занает до еден експресионистички третман. Тоа всушност не е жртвување на едниот сликарски начин за сметка на другиот, туку една кивна можна кохезија . . .